# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

14 ноември 2007 | Излегува по потреба | Година II | број 7



e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба -Скопје за периодот од 01.01. -30.09.2007 година, со оценка за остварувањето до крајот на 2007 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за остварување на приходите и извршувањето на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба -Скопје за периодот од 01.01. -30.09.2007 година, со оценка за остварувањето до крајот на 2007 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 12.11.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4779/1**
**од 14.11.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151, став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и седмата седница одржана на 12.11.2007 година, расправајќи по Информацијата за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба -Скопје за периодот од 01.01. -30.09.2007 година, со оценка за остварувањето до крајот на 2007 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување Информација за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба -Скопје за периодот од 01.01. -30.09.2007 година, со оценка за остварувањето до крајот на 2007 година**

1. Советот на Општина Гази Баба ја усвојува Информацијата за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба -Скопје за периодот од 01.01. - 30.09.2007 година, со оценка за остварувањето до крајот на 2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба"

**Број 07-4645/2**
**од 12.11.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за дополнување**
**на Одлуката за извршување на Буџетот**
**на Општина Гази Баба за 2007 година**

1. Се објавува Одлуката за дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2007 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 12.11.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4779/2**
**од 14.11.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 и член 45 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 1 и 3 од Законот за дополнување на Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката ("Службен весник на РМ" бр.121/07) и член 23, став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04 и 96/04) Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и седмата седница одржана на 12.11.2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## За дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2007 година

### Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Гази Баба за 2007 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.8/06 и 6/07) по членот 12 се додаваат 2 нови члена 12-а и 12-б кои гласат:

### Член 12-а

На членовите на Советот на Општина Гази Баба им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок на патните и дневните трошоци.

Месечниот надоместок на членовите на Советот за присуство на седниците на Советот се утврдува во процентуален износ од 70% од просечната месечна нето плата во Република Македонија, исплатена за предходната година.

На претседателот на Советот на Општина Гази Баба, за раководење и организирањето на работата на Советот, месечниот надоместок од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

### Член 12-б

Платата на Градоначалникот на Општината Гази Баба во периодот од 2007 година до 2009 година се зголемува за по 10% годишно, започнувајќи со исплатата на платата за месец септември 2007 година.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4645/3**
**од 12.11.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за утврдување надоместок на членовите на Советот на Општина Гази Баба**

1. Се објавува Одлуката за утврдување надоместок на членовите на Советот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 12.11.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4779/3**
**од 14.11.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 и член 45 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 1 од Законот за дополнување на Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката ("Службен весник на РМ" бр.121/07) и член 23, став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04 и 96/04) Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и седмата седница одржана на 12.11.2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## За утврдување надоместок на членовите на Советот на Општина Гази Баба

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува надоместок на членовите на Советот на Општина Гази Баба за извршување на задачите сврзани со остварување на функцијата член на Советот, како и надоместок на патни и дневни трошоци на членовите на Советот во рамките утврдени со Закон.

### Член 2

На членовите на Советот на Општина Гази Баба им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок на патните и дневните трошоци.

Средствата за исплата на надоместоците од ставот 1 на овој член се обезбедуваат во Буџетот на Општината Гази Баба.

### Член 3

Месечниот надоместок на членовите на Советот се утврдува во процентуален износ од 70% од просечната месечна нето плата во Република Македонија, исплатена за претходната година, и тоа за присуство на седниците на Советот, за присуство на седниците на постојните и повремени комисии на Советот, за непосредно следење на одредени прашања од надлежност на Советот, за учество во изготвување и проучување на материјали за Советот или пак за вршење на други задачи кои ќе ги определи Советот.

### Член 4

На претседателот на Советот на Општината Гази Баба, за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од член 3 на оваа Одлука се зголемува за 30%.

### Член 5

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува на членовите на Советот за присуство на сите седници на Советот што ќе се одржат во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство на членовите на Советот од седница на Советот, што ќе се одржуваат во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува, доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 6**

На членовите на Советот на Општина Гази Баба им се исплатуваат надоместоци за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во Општинската администрација на Општина Гази Баба.

**Член 7**

На членовите на Советот на Општина Гази Баба, определени за склучување на бракови, за ангажираност на деновите за склучување на бракови се утврдува надоместок во износ од 1.000,00 денари во кој е пресметан и надоместокот за користење на превоз.

**Член 8**

Надоместокот за присуство на седници, за патни и дневни трошоци и за ангажираност на деновите на склучување на бракови, на членовите на Советот ќе се пресметува и исплатува согласно оваа Одлука, преку Секторот за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем на Општина Гази Баба.

**Член 9**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување надоместок на членовите на Советот на Општина Гази Баба број 09-373/2 од 12.05.2005 година, и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување надоместок на членовите на Советот на Општина Гази Баба број 07-895/2 од 01.03.2006 година, на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Гази Баба.

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4645/4**
**од 12.11.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства за изградбата на манастирот "Свети Преображение" во Крушево**

1. Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства за изградбата на манастирот "Свети Преображение" во Крушево, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 12.11.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4779/4**
**од 14.11.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 11 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2007 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.8/06), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и седмата седница одржана на 12.11.2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## За одобрување финансиски средства за изградбата на Манастирот "Свето Преображение" -Крушево

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба одобрува износ од 200.000,00 денари како финансиска помош за изградбата на Манастирот "Свето Преображение" -Крушево.

**Член 2**

Средствата да се уплатат на Манастирот "Свето Преображение" на жиро сметка број 200000000012602 депонент Стопанска банка АД -Скопје подсметка 0013214526 - средства за Манастир Св.Преображение -Крушево, на товар на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2007 година, од Програм АО -Совет на Општина Гази позиција 413110 - Тековни резерви (разновидни расходи).

**Член 3**

За реализација на оваа одлука, надлежен е Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 4**

Оваа Олука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4645/5**
**од 12.11.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за "Керамидница" УБ 1 локалитет "ТОПЛИФИКАЦИЈА" - измена и дополна -Скопје**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за "Керамидница" УБ 1 локалитет "ТОПЛИФИКАЦИЈА" - измена и дополна -Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 12.11.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4779/5**
**од 14.11.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 24, став 6 и 7, а во врска со член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и седмата седница одржана на 12.11.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За донесување на Деталниот урбанистички план за "Керамидница" УБ 1 локалитет "ТОПЛИФИКАЦИЈА" - измена и дополна -Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Деталниот урбанистички план за "Керамидница" УБ 1 локалитет "ТОПЛИФИКАЦИЈА" измена и дополна -Скопје.

Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за "Крамидница" УБ 1 локалитет "ТОПЛИФИКАЦИЈА" измена и дополна -Скопје ги почитува определбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.78/06).

**Член 2**

Со оваа Одлука се опфаќа просторот со површина од 3,42 ха со следните граници:

- Од Север: Осовина на Ул."102"
- Од Исток: Осовина на ул."516" и ул."103"
- Од Југ: дел од јужната страна на градежната парцела на Топлификација
- Од Запад: Осовина на улица "520"

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за "Керамидница" -УБ 1 локалитет "ТОПЛИФИКАЦИЈА" измена -дополна-Скопје, со Тех.бр. 2334/07 изготвен од АД "за урбанизам, проектирање и инжињеринг -ЗУМ" - Скопје, содржи:

I. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Текстуален дел:

ВОВЕД

1. ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, ГРАНИЦИ И ПОВРШИНА
2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И АНАЛИЗА НА СТЕПЕНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА

3. ИЗВОД ОД ГУП -СКОПЈЕ 2002
4. ПРЕДМЕТ НА АНАЛИЗА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, ЦЕЛ И МЕТОД
5. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ
6. ПОДАТОЦИ ОД СОЗДАДЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
7. ЗАКЛУЧОЦИ ОД АНАЛИЗАТА ЗА ПОСТОЈНА СОСТОЈБА И МОЖНОСТИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ
8. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Графички прилози:

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

АЖУРИРАНА ПОДЛОГА СО ЕВИДЕНЦИЈА НА ОБЈЕКТИ БЕЗ ДОКУМЕНТАЦИЈА
1. ИЗВОД ОД ГУП-СКОПЈЕ (2002 год.).
2. ИЗВОД ОД ДУП
3. СИНТЕЗЕН ПРИКАЗ
4. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

II. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
- Планиран развој 2007 -2012 год.-

Текстуален дел:

ВОВЕД
1. ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО И ПЛАНСКИ ПЕРИОД
2. МЕСТОПОЛОЖБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
3. ПЛАНСКА ПРОГРАМА ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
5. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКОТО РЕШЕНИЕ ЗА ИЗГРАДБА, НАМЕНА, ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
6. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
7. ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
8. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ
9.НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ
10.ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА
11. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Графички прилози:

| | |
|---|---|
| 1. СИНТЕЗЕН ПРИКАЗ | 1 : 1000 |
| 2. СООБРАЌАЕН И НИВЕЛМАНСКИ ПЛАН | 1 : 1000 |
| 3. ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН | 1 : 1000 |

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" 78/06).

**Член 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Гази Баба и потпис на претседателот на Советот на Општина Гази Баба.

**Член 5**

Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште на Општина Гази Баба, во рок од 30 дена од донесувањето на оваа Одлука ќе обезбеди комплетна документација за реализирање на Деталниот урбанистички план.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува, следи и за неговата реализација ќе се грижи Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Бр.07-4645/6**
**од 12.11.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Спогодбата за основање на меѓуопштинско јавно претпријатие**

1. Се објавува Спогодбата за основање на меѓуопштинско јавно претпријатие за подрачјето на Општина Илинден и Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја усвои на седницата одржана на 12.11.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4779/6**
**од 14.11.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 16 од Законот за комунални дејности ("Службен весник на РМ" бр.45/97, 23/99, 45/02, 16/04) а во врска со член 3 став 3, член 9 став 2 и член 10 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 40/03, 49/06, 22/07) и член 14 став 2 и член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и седмата седница одржана на ден 12.11.2007 година ја усвои следната

## С П О Г О Д Б А
## За основање на меѓуопштинско јавно претпријатие

### Член 1

Со оваа Спогодба се основа меѓуопштинско Јавно претпријатие за подрачјето на општините Илинден и Гази Баба (во натамошниот текст: Јавно претпријатие).

### Член 2

Јавното претпријатие ќе ги врши следните дејности:

-Обработка и испорака на вода за пиење;

(според номенклатурата и шифрата на дејност ќе се опише)

Јавното претпријатие ќе врши обработка и испорака на вода во следните населени места:

Општина Илинден: Илинден, Марино, Кадино, Мралино, Ајватовци, Бунарџик, Миладиновци, Бујковци, Мршевци, Бучинци, Текија и Дељадровци;

Општина Гази Баба: Гоце Делчев, Колонија Идризово, Идризово и Јурумлери;

Јавното претпријатие може да врши испорака на вода и во населени места кои не се наброени во член 2 од оваа Спогодба, но по претходно добиена согласност од Основачите на Јавното претпријатие.

### Член 3

Јавното претпријатие работи под име: Јавно претпријатие за водоснабдување ______________________________________________

Скратеното име на фирмата гласи ЈП______________________________

Седиштето на Јавното претпријатие е во Општина Илинден на ул.9 бб н.Илинден.

### Член 4

Износот на средствата за основање на Јавното поретпријатие изнесува, 70.000 ЕВРА, кои ги обезбедуваат основачите, и тоа:

- Општина Илинден 65% 1 - 45.000 Евра
- Општина Гази Баба 35% 2 - 25.000 Евра

__________________________

Процентот е добиен врз основа на максимален број на корисници -домаќинства согласно пописот 2002

Процентот е добиен врз основа на максимален број на корисници -домаќинства согласно пописот 2002

Износот на средствата за основање на Јавното претпријатие, основачите ги обезбедуваат во опрема и парични средства.

(ќе се специфицира со проценета вредност)

**Член 5**

Движната опрема (водни пумпи, електрични уреди, инсталации и други движни предмети на комуналната инфраструктура), како и недвижни ствари кои припаѓаат на инфраструктурата на системот за водоснабдување (примарна водоводна мрежа, бунари, резервоари, хлоринаторни станици, препумпни станици), кои се во функција на вршење на дејностите од член 2 на оваа Спогодба, кои досега ги управуваше постојното јавно претпријатие "Илинден", основано од страна на Општина Илинден, се пренесуваат на управување и користење на меѓуопштинското Јавното претпријатие ______________________________________________.

Во случај на престанок со работа на меѓуопштинското јавно претпријатие недвижните ствари кои припаѓаат на инфраструктурата на системот за водоснабдување (примарна водоводна мрежа, бунари, резервоари, хлоринаторни станици, препумпни станици) кои се во функција на вршење на дејностите од член 2 на оваа Спогодба, се враќаат на управување и користење на Јавното претпријатие "Илинден", основано од страна на општина Илинден.

Градоначалниците на двете Општини, во рок од 30 дена, од денот на основањето (уписот во трговскиот регистар) на Јавното претпријатие, ќе потпишат листа на движни и недвижни ствари, со кои ќе управува и ќе ги користи меѓуопштинското Јавно претпријатие.

**Член 6**

Движната опрема која се пренесува од страна на Јавното претпријатие "Илинден", на Јавното претпријатие ____________________________, со денот на преносот станува сопственост на меѓуопштинското јавно претпријатие ______________________________________.

**Член 7**

Постоечката секундарна водоводна мрежа, која е составен дел на системот за водоснабдување, кои ги стопанисува и одржува јавното претпријатие, остануваат сопственост на Општина Илинден и Општина Гази Баба, врз основа на територијалниот принцип, т.е. се сопственост на онаа Општина на чија територија се наоѓаат.

**Член 8**

Идните капитални вложувања во системите за водоснабдување со кои стопанисува јавното претпријатие, ќе бидат обврска на секоја Општина, на чија територија се вршат капиталните инвестициони зафати, освен капиталните вложувања во движните и недвижни ствари, кои се наброени во член 5 од оваа Спогодба.

**Член 9**

Тековното одржување на системите за водоснабдување со кои стопанисува јавното претпријатие, се на сметка на истото. Овие тековни трошоци за одржување на водоснабдителните системи треба да бидат пресметани и вкалкулирани во продажната цена на водата.

**Член 10**

Органи на Јавното претпријатие се: Управен одбор, Надзорен Одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП и Директор на ЈП.

Органите на Јавното претпријатие ги именуваат и разрешуваат Советите на општините, освен Директорот на Јавното претпријатие, кој се избира по пат на јавен конкурс. Може да се именува и в.д. директор на ЈП за период не подолг од шест месеци.

**Член 11**

Управниот одбор брои 7 (седум) членови, од кои:
4 членови именува Советот на Општина Илинден
3 членови именува Советот на Општина Гази Баба

Во случај бројот на приклучоци кои се на територијата на Општина Гази Баба, во рок од четири години достигне 30% од сите приклучоци со кои стопанисува Јавното претпријатие, основачите се согласни да се промени бројот на членовите на Управниот Одбор во сооднос:

4 членови именува Советот на Општина Гази Баба

3 членови именува Советот на Општина Илинден

Членовите на Управниот одбор се именуваат од редот на афирмирани стручни лица, а особено од областа на: хидро инженерството, градежништвото, правото и економијата.

**Член 12**

Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење брои 5 (пет) членови, од кои:

3 членови именува Советот на Општина Гази Баба

2 членови именува Советот на Општина Илинден

Во случај бројот на приклучоци кои се на територијата на Општина Гази Баба, во рок од четири години достигне 30% од сите приклучоци со кои стопанисува Јавното претпријатие, основачите се согласни да се промени бројот на членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење во сооднос:

3 членови именува Советот на Општина Илинден

2 членови иманува Советот на Општина Гази Баба.

Членовите во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење се именуваат од редот на лица кои имат високо образование, со поседување на знаење и искуство особено од дејноста на финансиското и сметководственото работење.

**Член 13**

Директорот на Јавното претпријатие се избира и разрешува од страна на Градоначалникот на Општина Илинден, по пат на јавен конкурс кој го распишува согласно позитивните законски прописи. Градоначалникот на Општина Илинден може да именува в.д.Директор на ЈП, но за период не подолг од 6 месеци, за кој период треба да се распише конкурс за избор на директор на Јавното Претпријатие.

Во Јавното претпријатие се избира и технички директор, Техничкиот директор го избира директорот на Јавното претпријатие, по претходен предлог на Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 14**

Одлуките и заклучоците на Управниот одбор ги спроведува Директорот на Јавното претпријатие.

**Член 15**

Основачите (Советите на Општините) даваат согласност на следните Одлуки:

Статутот на Јавното претпријатие;

Статусните промени и организирање на Јавното претпријатие како трговско друштво;

Актот за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие и покривањето на загубите;

Актот за задолжување на Јавното претпријатие;

Годишната сметка и извештајот за работење на Јавното претпријатие;

Основање на друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво од стрна на Јавното претпријатие;

Актот со кој се утврдуваат цените на производите и услугите што јавното претпријатие ги продава и врши за корисниците, и

Годишната инвестициона програма усогласена со вкупниот стопански развој.

Во случај да не се даде согласност на Одлуките од страна на Општински Совети -основачи, се оди на повторување на процесот на гласање во Општинските Совети.

Доколку и при повторно гласање не се постигне согласност, за важечка се смета одлуката за давање согласност донесена од Советот на Општина Илинден.

**Член 16**

Основачите во распределбата на добивката на Јавното претпријатие, односно во покривањето на неговите загуби, учествуваат сразмерно на нивното учество во износот на средствата за основање на Јавното претпријатие.

**Член 17**

Оваа Спогодба е отворена и за Општина Петровец. Во моментот на создавање на правни и технички предуслови за прифаќање на оваа Спогодба од страна на Општина Петровец, потписниците на оваа спогодба изразуваат спремност за отпочнување на преговори за прифаќање на нова Спогодба, во која би била вклучена и Општина Петровец, како трет сооснович на меѓуопштинското јавно претпријатие за водоснабдување.

Во случај да се донесат законски прописи со кои се регулира меѓуопштинската соработка, оваа спогодба ќе се усогласи со закон.

**Член 18**

Јавното претпријатие ќе отпочне со оперативна работа веднаш по уписот во Трговскиот Регистар на Република Македонија.

**Член 19**

По уписот на Директорот на Јавното Претпријатие во трговскиот регистар, истиот ќе отпочне со изготвување на план за:

Преземање на опремата и средствата од постојното Јавно претпријатие Илинден;

Изработка на Правилник за систематизација на работните места во Јавното претпријатие;

Изработка на Правилник за личните доходи (плати) и останати примања во Јавното претпријатие;

Преземање на вработените од постојното Јавно претпријатие Илинден, основани за подрачјето на општините - основачи;

Правилник за одржување на системите за водоснабдување.

**Член 20**

По усвојување на Спогодбата од страна на Советите на двете општини ќе се донесе Одлука за основање на меѓуопштинско јавно претпријатие согласно законските прописи.

**Член 21**

Оваа Спогодба влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Бр. 07-4645/7**
**Од 12.11.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавното комунално претпријатие "ГАЗИ БАБА-2007" -Скопје**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавното комунално претпријатие "ГАЗИ БАБА-2007" -Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 12.11.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4779/7**
**од 14.11.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 11, став 1, точка 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07) и член 21 од Одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба: бр.1/07 и 4/07) Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и седмата седница одржана на 12.11.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За давање согласност на Статутот**
**на Јавното комунално претпријатие**
**"ГАЗИ БАБА-2007" -Скопје**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Статутот на Јавното комунално претпријатие "ГАЗИ БАБА-2007" -Скопје, број 02-3/2 од 05.11.2007 година, донесен од Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие "ГАЗИ БАБА-2007" -Скопје на ден 05.11.2007 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие "ГАЗИ БАБА-2007" -Скопје.

**Член 3**

Оваа Олука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба.

**Број 07-4645/8**
**од 12.11.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работата на ОУ "Григор Прличев" -Скопје, за учебната 2007/2008 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работата на ОУ "Григор Прличев" -Скопје за учебната 2007/2008 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 12.11.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-4779/8 Градоначалник,**
**од 14.11.2007 год. НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**С К О П Ј Е Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151, став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), а во врска со член 58, алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, .........63/04, ...........70/06 и 51/07), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и седмата седница одржана на 12.11.2007 година, расправајќи по Годишната програма за работата на ОУ "Григор Прличев" -Скопје, за учебната 2007/2008 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишната програма**
**за работата на ОУ "Григор Прличев" -Скопје,**
**за учебната 2007/2008 година**

1. Советот на Општина Гази Баба ја усвојува Годишната програма за работата на ОУ "Григор Прличев" -Скопје, за учебната 2007/2008 година, предложена од Училишниот одбор на ОУ "Григор Прличев" -Скопје.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-4645/9**
**Од 12.11.2007 год.**
